09-5272/5
04-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница одржана на ден 28.01.2022 година донесе

## О д л у к а

Постапката по предметот број 09-4459/1 од 31.12.2020 година, оформен по доставена пријава против лицето ------ -----, вработен во Инспекторатот за ------ во ----- -------, **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, не се потврдени наводите од пријавата, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-4459/1 од 31.12.2020 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител, со наводи дека лицето ------ -----е вработен во Инспекторат за ------- во ------ -----и истовремено е вештак за ------ - -----.

Државната комисија ги разгледа наводите во пријавата и со цел утврдување на истите се обрати до Министерството за -------, -------, --------, подрачна единица ------ и побара податоци за тоа дали лицето ------ ----- е вработено во Министерство за -------, -------, --------, подрачна единица ------- и доколку е вработено, на која работна позиција е вработено, кои се неговите работни задачи и должности.

Дополнително на тоа, ДКСК се обрати и до Министерство за за -------, -------, --------, со барање за тоа дали министерството води Регистар на вештаци од областа на за -------, -------, --------, кој ги назначува тие вештаци и кои се нивните должности.

Од Подрачната единица на министерството во ------, доставија допис со кој ја известија Државната комисија дека лицето ------ ------, не е вработено во Министерството.

Од министерството пак, испратија допис со кој ја известија Државната комисија дека во рамки на министерството не се води Регистар на вештаци од областа на за -------, -------, --------, а за случаите кога е потребно да се изготви вештачење, Министерството се обраќа до Бирото за судски вештачења на РСМ.

По ваквите одговори од институциите до кои Државната комисија се обрати со цел утврдување на фактичката состојба, се констатира дека наводите во пријавата не се потврдуваат.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител